СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
Примен: 03 -09- 2024

| орг.еди. | број | прилог | вредност |
|---|---|---|---|
| 16 | 10489/1 | | |

1603
ЗГ.

Во согласност со член 7, член 21 став 4 и член 32 став 1 и 2 од Законот за преземање на акционерските друштва (Службен весник на Република Македонија бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015,154/2015,23/2016 и 248/2018 како и Службен весник на Република Северна Македонија бр.31/2020), Ние, Синдикатот на вработени, СФДМ СО при Стопанска банка а.д Битола со седиште на ул.12-та Ударна бригада ББ, 1 000 Скопје, Република Северна Македонија, со регистарски број 5980259 и даночен број 4030005546797, регистриран член на Синдикатот на Финансиски Дејности на Македонија, претставувана од претседателот на Синдикатот Дијана Ацковска и СФОМ СО при Стопанска банка а.д Битола со седиште на ул.Народен Фронт бр.19а-локал 12а, Република Северна Македонија, со регистарски број 4329830 и даночен број 4030994240375, регистриран член на Синдикатот на Финансиски Дејности на Македонија, претставувана од претседателот на Синдикатот Борис Зимбаков го даваат следното:

# МИСЛЕЊЕ

## НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

Мислењето за Понудата за Преземање е дадено во врска со Понудата за Преземање издадена од Комерцијална банка а.д. Скопје („Понудувач'') примена во Стопанска банка а.д. Битола на ден 26.08.2024 за преземање на сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од страна на Стопанска банка а.д. Битола со ISIN бр.МКСБТБ101013 по понудена цена за откуп на 1 обична акција во износ од 3.200 денари по акција.

Врз основа на Понудата за преземање и Проспектот, Синдикатот подразбира дека во случај на успешна реализација на преземањето, Стопанска банка а.д. Битола ќе стане членка на банкарската група на која му припаѓа Понудувачот и дека, како дел од стратешкиот план на Понудувачот и врз база на информацијата објавена во Проспектот Комерцијална банка а.д. Скопје има намера да ја присоедини Стопанска банка а.д. Битола кон Комерцијална банка а.д. Скопје.

Имајќи го во предвид горенаведеното, разбираме дека успешната реализација на преземањето, а потоа и присоединувањето ќе влијае и врз вработените во Стопанска банка а.д. Битола.

Вработените на Банката преставувани од Синдикалните организации во рамки на Банката и од останатите вработени кои не се дел од Синдикалните организации на Банката со овој допис го даваат своето мислење за Понудата за преземање (Проспектот) на Комерцијална банка а.д. Скопје:

Согласно член 26, став 13 од Законот за преземање на акционерските друштва, во Проспектот треба да биде содржана: „целта на понудата за преземање, односно намерата и плановите на преземачот во врска со идното работење на целното друштво, политиката за заштитата на работните места на вработените и органите на управување, вклучувајќи и податок за секоја измена на условите за вработување, како и стратешки план за целното друштво".

Имајќи предвид дека крајната намера на Комерцијална банка а.д. Скопје е присоединување на Стопанска банка а.д. Битола што претставува статусна измена, сметаме дека треба јасно од страна на Управниот одбор на Банката и од страна на Комерцијална банка а.д Скопје да се укаже дека во

содржината на Спогодбата за присоединување ( по донесување на Одлука од страна на Собранијата на двете банки), јасно ќе се дефинираат условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвото коешто презема, како и список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во друштвото коешто презема. Во Спогодбата треба да се утврди како ќе се постапи со останатитот дел од вработените кои нема да го продолжат работниот однос во Комерцијална банка а.д. Скопје и дали новиот работодавач ќе постапи согласно член 68 од Законот за работни односи во случај на статусни измени кадешто е наведено дека сите права, обврски и одговорности од договорот за вработување и работен однос преминуваат на новиот работодавач и истиот е должен да ги обезбеди најмалку за една година, согласно законските прописи.

**Со оглед на тоа што Преземачот Комерцијална Банка а.д. Скопје очекува зголемен обем на активностите, а согласно Проспектот планирано е да се преземат дел од вработените, бараме точен број за тоа колку од вработените во Стопанска банка а.д. Битола ќе го продолжат работниот однос во Комерцијална Банка а.д. Скопје имајќи ги во предвид одлуките кои во иднина ќе ги донесат двете Банки.**
**Синдикатите при Стопанска банка а.д. Битола сметаат дека вработените имаат високи професионални стандарди, долгогодишно работно искуство, а со самото тоа можат да придонесат за понатамошен развој во институцијата којашто понатаму би ги презела.**

Со ова потврдуваме дека Синдикатите на вработени, СФОМ СО при Стопанска банка а.д Битола и СФДМ СО при Стопанска банка а.д Битола претставуваат Синдикати во кој членуваат повеќе од 90% од вработените, се сметаат за репрезентативни синдикати и потврдуваме дека го примивме Мислењето на управниот одбор за понудата за Преземање на Стопанска Банка а.д Битола.

Скопје, 03.09.2024 година,
Во име на СФОМ СО при Стопанска банка а.д Битола

___________________________

Претседател на Синдикат на СФОМ СО при Стопанска банка а.д Битола

Битола, 03.09.2024 година,
Во име на СФДМ СО при Стопанска банка а.д Битола

___________________________

Претседател на Синдикат на СФДМ СО при Стопанска банка а.д Битола